20181422741

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 151 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 24.7.2018 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА КОНКУРСИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА, УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП, УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД И УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ ВО АКАДЕМСКАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2018/2019 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/18 и 93/18), во точката 2 зборовите „кои до денот на влегувањето во сила на оваа одлука”, се заменуваат со зборовите „до 1 септември 2018 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7305/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.